# Microsoft License Terms

**Последно ажурирање во декември 2016 година**

**ОДРЕДБИ НА ЛИЦЕНЦАТА ЗА СОФТВЕР НА MICROSOFT**

**ОПЕРАТИВЕН СИСТЕМ WINDOWS**

---

**АКО ЖИВЕЕТЕ ВО (ИЛИ АКО ВАШЕТО ГЛАВНО МЕСТО НА ДЕЈНОСТА Е ВО) СОЕДИНЕТИТЕ АМЕРИКАНСКИ ДРЖАВИ, ПРОЧИТАЈТЕ ЈА КЛАУЗУЛАТА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА АРБИТРАЖА И ОТКАЖУВАЊЕТО ОД ГРУПНА ТУЖБА ВО ДЕЛ 10. ТОА ВЛИЈАЕ НА НАЧИНОТ НА КОЈ СЕ РЕШАВААТ СПОРОВИТЕ.**

**Ви благодариме што го избравте Microsoft!**

Во зависност од тоа како го набавивте софтверот Windows, ова е договор за лиценца меѓу (i) вас и производителот на уредот односно инсталатерот на софтвер кој го дистрибуира софтверот со вашиот уред; или (ii) вас и Microsoft Corporation (или една од неговите филијали врз основа на тоа каде живеете или каде се наоѓа главното место на дејноста ако се работи за правно лице) ако го добивте софтверот од трговец. Microsoft е „производителот на уреди“ за уредите произведени од Microsoft или една од неговите филијали и Microsoft е „трговецот“ ако го добивте софтверот директно од Microsoft.

Овој договор ги опишува вашите права и условите според кои можете да го користите софтверот Windows. Треба да го прегледате целиот договор, вклучувајќи ги сите дополнителни одредби за лиценца што се придружени на софтверот и сите одредби дадени преку веб-врски, бидејќи сите одредби се важни и заедно го прават овој договор што се однесува на вас. Одредбите дадени преку веб-врска можете да ги прегледате со ставање на веб-врската (aka.ms/) во пребарувачот.

**Со прифаќање на овој договор или со користење на софтверот, се сложувате со сите овие одредби и дозволувате испраќање одредени информации за време на активирањето или додека го користите софтверот, како што е наведено во изјавата за приватност опишана во Дел 3. Ако не се сложувате и не ги почитувате овие одредби тогаш не можете да го користите софтверот или неговите одлики.** Можете да се обратите до производителот на уредот односно инсталатерот, или до трговецот ако го набавивте софтверот директно, за да ја утврдите неговата политика за враќање и да го вратите софтверот или уредот за рефундирање или кредит според таа политика. Мора да ја

почитувате таа политика, која може да бара од вас да го вратите софтверот со целиот уред на кој софтверот е инсталиран за рефундирање или кредит, доколку постои.

**1. Преглед.**

**a. Применливост.** Овој договор се применува на софтверот Windows што претходно е инсталиран на вашиот уред или е добиен од трговец и инсталиран од ваша страна, медиумот на кој го добивте софтверот (доколку има), сите фонтови, икони, слики или аудио датотеки вклучени со софтверот, како и сите ажурирања, надградби, додатоци или услуги за софтверот на Microsoft, освен ако постојат други одредби за нив. Исто така, тој се применува на апликациите за Windows развиени од страна на Microsoft кои обезбедуваат функции како што се е-пошта, контакти, музика и фотографии кои се вклучени во и се дел од Windows. Ако овој договор содржи одредби што се однесуваат на некоја одлика или услуга што не е достапна на вашиот уред, тогаш тие одредби не се применуваат.

**b. Дополнителни одредби.** На вашето користење одредени одлики, услуги или апликации може да се применуваат дополнителни одредби на Microsoft и на трета страна, во зависност од можностите на вашиот уред, начинот како е конфигуриран и како го користите. Ве молиме секако да ги прочитате.

(i) Некои апликации на Windows обезбедуваат точка на пристап до, или зависат од онлајн услуги, а користењето на овие услуги понекогаш е регулирано со посебни одредби и политики за приватност, како што е Договорот за услуги на Microsoft достапен на (aka.ms/msa). Овие одредби и политики можете да ги видите во одредбите за користење на услугата или во поставките на апликацијата, како што е соодветно. Услугите може да не се достапни во сите региони.

(ii) Microsoft, производителот односно инсталатерот, може да вклучат дополнителни апликации за кои ќе се применуваат посебни одредби за лиценца и политики за приватност.

(iii) Софтверот вклучува Adobe Flash Player, што е лиценциран според одредбите на Adobe Systems Incorporated достапни на (aka.ms/adobeflash). Adobe и Flash се или регистрирани трговски марки или трговски марки на Adobe Systems Incorporated во Соединетите Американски Држави и/или други земји.

(iv) Софтверот може да вклучува програми од трети страни за кои лиценцата ви е дадена според овој договор или според нивни одредби. Одредбите,

известувањата и потврдувањата на лиценца, ако има, за програми на трети страни можат да се видат на (aka.ms/thirdpartynotices).

(v) До степенот вклучен со Windows, Word, Excel, PowerPoint и OneNote се лиценцирани за ваша лична, некомерцијална употреба, освен ако имате права за комерцијално користење според посебен договор.

**2. Права за инсталирање и користење.**

**a. Лиценца.** Софтверот се лиценцира, не се продава. Со овој договор, ви го даваме правото да инсталирате и да користите еден примерок на софтверот во вашиот уред (лиценцираниот уред), за користење од страна на едно лице во исто време, сѐ додека ги почитувате сите одредби од овој договор. Со ажурирањето или надградба на неоригинален софтвер со софтвер од Microsoft или овластени извори, вашата првична верзија или ажурираната/надградена верзија не станува оригинална и во ваква ситуација вие немате лиценца за користење на софтверот.

**b.Уред.** Во овој договор, „уред" значи хардверски систем (физички или виртуелен) со интерен уред за складирање на кој може да работи софтверот. Хардверска партиција или блејд се смета за уред.

**c.Ограничувања.** Производителот односно инсталатерот и Microsoft ги задржуваат сите права (како што се правата од законите за интелектуална сопственост) што не се изречно дадени во овој договор. На пример, оваа лиценца не ви дава право и не смеете:

(i) одвоено да ги користите или да ги виртуализирате одликите на софтверот;

(ii) да го објавувате, копирате (освен дозволената резервна копија), изнајмувате, давате под лизинг или позајмувате софтверот;

(iii) да го пренесувате софтверот (освен онака како што е дозволено со овој договор);

(iv) да заобиколувате кои било технички рестрикции или ограничувања во софтверот;

(v) да го користите софтверот како серверски софтвер, за комерцијално хостирање, да овозможите истовремено користење на софтверот од повеќе корисници преку мрежа, да го инсталирате софтверот на сервер и да

овозможите далечински пристап на корисниците до него или да го инсталирате софтверот на уред за користење само од далечински корисници;

(vi) да вршите инверзен инженеринг, декомпилација или деасемблирање на софтверот, или да се обидете да го направите тоа, освен и само до степенот до кој дејствата од ова ограничување (a) се дозволени со применливите закони; (b) се дозволени со одредбите за лиценца што го уредуваат користењето на компонентите со отворен код што може да се вклучени со софтверот; или (c) се потребни за дебагирање на измените во која било библиотека лиценцирана според GNU Lesser General Public License кои се вклучени во и се поврзани преку софтверот; и

(vii) кога користите Интернет-базирани одлики, не може да ги користите тие одлики на каков било начин кој може да го попречува нивното користење од страна на кој било друг или да се обидувате да добиете пристап или користење какви било услуги, податоци, сметки или мрежи, на неовластен начин.

**d. Сценарија за повеќекратно користење.**

(i) **Повеќе верзии.** Ако при набавката на софтверот добивте повеќе верзии (како на пример 32-битни 64-битни верзии), во исто време можете да инсталирате и активирате само една од тие верзии.

(ii) **Повеќекратни или споени врски.** Хардверот или софтверот што го користите за мултиплексирање или спојување врски или за намалување на бројот на уреди или корисници што пристапуваат или го користат софтверот, не го намалува бројот на потребните лиценци. Таков хардвер или софтвер можете да користите само ако имате лиценца за секој примерок на софтверот што го користите.

(iii) **Поврзување на уредите.** Смеете да дозволите до 20 други уреди да пристапат до софтверот инсталиран на лиценцираниот уред за користење на следниве софтверски одлики: услуги за датотеки, услуги за печатење, информативни услуги на Интернет, споделување на Интернет врска и телефонски услуги на лиценцираниот уред. Можете да дозволите кој било број уреди да пристапат до софтверот на лиценцираниот уред за синхронизирање податоци меѓу уредите. Меѓутоа, овој дел не значи дека имате право да го инсталирате софтверот или да ја користите примарната функција на софтверот (освен одликите наведени во овој дел), на кој било од овие други уреди.

(iv) **Користење во виртуелна средина.** Оваа лиценца ви дозволува да инсталирате само еден примерок на софтверот за користење на еден уред без оглед дали уредот е физички или виртуелен. Доколку сакате да го користите софтверот на повеќе од еден виртуелен уред, мора да набавите лиценца за секој примерок посебно.

(v) **Далечински пристап.** Не повеќе од еднаш на секои 90 дена, можете да назначите еден корисник кој физички го користи лиценцираниот уред како лиценциран корисник. Лиценцираниот корисник може да пристапи до лиценцираниот уред од друг уред користејќи ги технологиите за далечински пристап. Други корисници, во различно време, можат да пристапат до лиценцираниот уред од друг уред користејќи технологии за далечински пристап, но само на уреди што се одделно лиценцирани за истото или повисоко издание на овој софвер.

(vi) **Далечинска помош.** Може да користите технологии за далечинска помош за споделување активна сесија без набавување дополнителни лиценци за софтверот. Далечинската помош му овозможува на еден корисник директно да се поврзе со компјутерот на друг корисник, најчесто за решавање на проблеми.

**e.Резервна копија.** Смеете да направите една копија на софтверот како резерва и можете да ја користите таа резервна копија за пренесување на софтверот, ако е тој набавен како самостоен софтвер, како што е опишано во дел 4 подолу.

**3. Приватност; Согласност за користење податоци.** Вашата приватност е важна за нас. Кога користите некои од одликите на софтверот, тие испраќаат или примаат информации. Многу од тие одлики може да ги исклучите во корисничкиот интерфејс или може да изберете да не ги користите. Со прифаќање на овој договор и со користење на софтверот, се согласувате дека Microsoft може да собира, користи и открива информации како што е опишано во Изјавата за приватност на Microsoft на (aka.ms/privacy), и како што може да биде опишано во корисничкиот интерфејс придружен со одликите на софтверот.

**4. Пренесување.** Одредбите од овој дел не се применуваат ако го набавивте софтверот како потрошувач во Германија или во некоја од земјите наведени на овој сајт (aka.ms/transfer), во таков случај секој трансфер на софтверот на трета страна и правата за негово користење мора да бидат во согласност со применливите закони.

a. **Софтвер претходно инсталиран на уред.** Ако го набавивте софтверот претходно инсталиран на уред (и, исто така, ако го надградите од софтвер што е претходно инсталиран на уред), лиценцата за користење на софтверот можете да ја пренесете директно на друг корисник само заедно со лиценцираниот уред. Преносот мора да го вклучи софтверот и, ако е дадена со уредот, автентичната налепница на Windows со клуч на производот. Пред да се изврши каков било дозволен пренос, другото лице мора да се согласи дека овој договор се однесува на преносот и користењето на софтверот.

b. **Самостоен софтвер.** Ако го набавивте софтверот како самостоен софтвер (и, исто така, ако го надградите од софтвер што сте го набавиле како самостоен софтвер), тогаш можете да го пренесете софтверот на друг уред што е во ваша сопственост. Исто така, можете да го пренесете софтверот на уред што го поседува некој друг ако (i) вие сте првиот лиценциран корисник на софтверот и (ii) новиот корисник се согласи со одредбите од овој договор. За пренесување на софтверот, можете да ја користите резервната копија што ви дозволивме да ја направите или медиумот на кој го добивте софтверот. Секогаш кога го пренесувате софтверот на нов уред, мора да го избришете софтверот од претходниот уред. Не смеете да го пренесувате софтверот за да ги споделувате лиценците меѓу уредите.

5. **Авторизиран софтвер и активација.** Вие сте овластени да го користите овој софтвер само ако сте правилно лиценцирани и ако софтверот е правилно активиран со оригинален клуч на производот или со друг авторизиран метод. Кога се поврзувате на Интернет додека го користите софтверот, тој автоматски се поврзува со Microsoft или неговите филијали за да го изврши активирањето за негово придружување на одреден уред. Исто така, можете да го активирате софтверот рачно преку Интернет или телефон. Во секој случај, ќе има пренос на одредени информации и може да се појават трошоци за користење Интернет, телефон или SMS-услуга. За време на активацијата (или повторната активација која може да настане поради менување компоненти во вашиот уред), софтверот може да утврди дека инсталираниот примерок на софтверот е пиратски, неправилно лиценциран или содржи неовластени измени. Ако активацијата не успее, софтверот ќе се обиде да се поправи со замена на кој било лажен софтвер на Microsoft со оригинален софтвер на Microsoft. Исто така, може да добиете потсетници да набавите исправна лиценца за софтверот. Успешното активирање не потврдува дека софтверот е оригинален или прописно лиценциран. Не смеете да ја прескокнувате или заобиколувате активацијата. За полесно да утврдите дали вашиот софтвер е оригинален и дали имате прописна лиценца, погледнете на (aka.ms/genuine). Одредени ажурирања, поддршка и други услуги можат да бидат понудени само на корисниците на оригинален софтвер на Microsoft.

6. **Ажурирања.** Софтверотпериодично проверува дали има ажурирања за системот и апликациите и ги презема и инсталира за вас. Ажурирањата можете да ги добиете само од Microsoft или од овластени извори, а Microsoft може да има потреба да го ажурира вашиот систем за да ви ги овозможи овие ажурирања. Со прифаќање на овој договор, се согласувате да ги примате овие автоматски ажурирања без какво било дополнително известување.

7. **Права за постари верзии.** Ако сте го набавиле уредот од производител односно инсталатер со веќе инсталирана професионална верзија на Windows, тогаш можете да ги користите и професионалните верзии на Windows 8.1 Pro или Windows 7 Professional, но само додека Microsoft обезбедуваа поддршка за таа постара верзија како што е наведено на (aka.ms/windowslifecycle). Овој договор се однесува и на користењето на постарите верзии. Доколку постарата верзија вклучува поинакви компоненти, за употребата на тие компоненти се применуваат сите одредби за нив од договорот што оди со постарата верзија. Ниту производителот односно инсталаторот, ниту Microsoft не се обврзани да ви достават постари верзии. Морате посебно да ја набавите постарата верзија, за што може да ви биде побаран надомест. Во секое време, можете да замените постара верзија со верзијата што првично сте ја набавиле.

8. **Географски и извозни ограничувања.** Доколку користењето на вашиот софтвер е ограничено на одреден географски регион, тогаш можете да го активирате софтверот само во тој регион. Исто така, мора да ги почитувате сите домашни и меѓународни закони и прописи за извоз кои се однесуваат на софтверот, кои вклучуваат ограничувања за дестинации, крајни корисници и крајна употреба. За дополнителни информации за географските и извозните ограничувања, посетете ги (aka.ms/georestrict) и (aka.ms/exporting).

9. **Постапки за поддршка и рефундирање.**

   a. **За софтвер претходно инсталиран на уред.** За опциите за поддршка општо за софтверот, контактирајте го производителот на уредот односно инсталатерот. Побарајте го бројот за поддршка доставен со софтверот. За ажурирањата и додатоците набавени директно од Microsoft, Microsoft може да обезбеди ограничени услуги на поддршка за правилно лиценцираниот софтвер како што е опишано на (aka.ms/mssupport). Доколку барате рефундирање, контактирајте го производителот односно инсталатерот за да ја утврдите неговата политика за рефундирање. Мора да ја почитувате таа политика, која може да бара од вас за рефундирање да го вратите софтверот со целиот уред на кој е инсталиран софтверот.

**b. За софтвер набавен од трговец.** Microsoft обезбедува ограничени услуги на поддршка за правилно лиценциран софтвер, како што е опишано на (aka.ms/mssupport). Ако сте го набавиле софтверот од трговец и барате рефундирање, а не можете го добиете таму каде сте го набавиле софтверот, контактирајте го Microsoft за информации во врска со политиката на Microsoft за рефундирање. Погледнете на (aka.ms/msoffices) или во Северна Америка, повикајте (800) MICROSOFT или погледнете на (aka.ms/nareturns).

**10. Задолжителна арбитража и откажување од групна тужба ако живеете во (или, ако се работи за правно лице, ако главното место на дејноста е во) Соединетите Американски Држави.**

Се надеваме дека никогаш нема да имаме спор, но ако имаме, вие и ние се согласуваме да се обидеме во рок од 60 дена да го решиме неформално. Ако не можеме, вие и ние се согласуваме на **задолжителна индивидуална арбитража пред Американската асоцијација за арбитрирање („AAA“) според Сојузниот акт за арбитража („FAA“), а не да се тужиме на суд пред судија или порота**. Наместо тоа, ќе одлучува неутрален арбитратор и неговата одлука ќе биде конечна, освен за ограничени права на жалба според FAA. **Не се дозволени парници со групна тужба, групна арбитража, приватни тужби од општ и нтерес и какви било други судски постапки каде некој настапува во својство на претставник. Ниту е дозволено комбинирање на постапките без согласност на сите страни**. Со „ние“, „наш“ и „нам“ се опфатени Microsoft, производителот на уредот и инсталатерот на софтверот.

**a.Опфатени спорови — сѐ освен интелектуалната сопственост.** Терминот „спор“ го има најширокото можно значење. Тој ги вклучува сите побарувања или несогласувања меѓу вас и производителот односно инсталатерот, или вас и Microsoft, во врска со софтверот, неговата цена или овој договор, според која било правна основа вклучувајќи договор, гаранција, прекршок, закон или пропис, **освен спорови во врска со спроведувањето или валидноста на вашите права, правата на вашите издавачи на лиценца, на нашите права или правата на нашите издавачи на лиценца во врска со интелектуалната сопственост.**

**b.Прво испратетеизвестување за спорот.** Ако имате спор и нашиот претставник за услуги на клиентите не може да го реши, испратете известување за спорот преку поштата на САД до производителот односно инсталатерот, ATTN: LEGAL DEPARTMENT. Ако спорот е со Microsoft, испратете ја пораката до Microsoft Corporation, ATTN: LCA ARBITRATION, One Microsoft Way, Redmond, WA 98052-6399. Кажете го името, адресата, како да ве контактираме, што е проблемот и што сакате. Формулар за тоа е достапен на (aka.ms/disputeform). Ние ќе го направиме

истото ако имаме спор со вас. По 60 дена, ако спорот не е решен, вие или ние можеме да започнеме арбитража.

**c. Опција со суд за мали побарувања.** Наместо да праќате известување за спор и ако ги исполнувате судските барања, можете да нè тужите на суд за мали побарувања во вашиот округ на живеење (или ако се работи за правно лице, во главното место на дејноста) или во местото на нашето главно работење – King County, Washington USA, ако спорите со Microsoft. Се надеваме дека ќе ни испратите известување за спор и ќе ни дадете 60 дена да се обидеме да го решиме, но не морате да го направите тоа пред да одите на суд за мали побарувања.

**d. Арбитражна постапка.** AAA ќе ја спроведе секоја арбитражаа според Правилата за трговска арбитража (или Правилата за арбитража за потрошувачи, ако сте поединец и го користите софтверот за лични или домашни потреби, односно ако вредноста на спорот е 75.000 USD или помалку без оглед дали сте поединец или како го користите софтверот). За повеќе информации, погледнете на (aka.ms/adr) или јавете се на 1-800-778-7879. За да започнете арбитража, поднесете го формуларот достапен на (aka.ms/arbitration) до AAA; испратете копија до производителот односно инсталатерот (или до Microsoft, ако спорите со Microsoft). Во споровите за 25.000 USD или помалку, секое сослушување ќе биде по телефон, освен ако арбитраторот има добра причина да спроведе лично сослушување. Секое лично сослушување ќе биде во округот во кој живеете (или во главното место на дејноста, ако се работи за правно лице) или во главното место на нашата дејност — King County, Washington ако спорите со Microsoft. Вие бирате. Арбитраторот може да ви го додели истото обесштетување поединечно што може и судот. Арбитраторот може да донесе деклараторно решение или времена мерка во ваша корист само за вас индивидуално за да го задоволи вашето индивидуално побарување.

**e.Надоместоци за арбитража и плаќања.**

(i) **Спорови за вредност од 75.000 USD или помалку.** Производителот односно инсталатерот (или Microsoft ако спорите со Microsoft) веднаш ќе ги надомести вашите надоместоци за покренување на спорот и ќе ги плати надоместоците и трошоците за AAA и арбитраторот. Ако ја одбиете нашата последна пишана понуда за спогодување направена пред да се назначи арбитратор и вашиот спор ја помине целата постапка до одлуката на арбитраторот (наречено „доделено обесштетување“ (award)) и арбитраторот ви додели повеќе од она што е во оваа последна пишана понуда, тогаш производителот односно инсталатерот (или Microsoft ако имате спор со Microsoft): (1) ќе го плати она

што е поголемо, доделеното обесштетување или 1.000 USD; (2) ќе плати разумен надомест за вашиот адвокат, ако има; и (3) ќе ги надомести сите трошоци (вклучувајќи ги надоместоците и трошоците за сведочење на експерти) што вашиот адвокат разумно ги направил за истражување, подготовка и спроведување на вашето барање за арбитража. Арбитраторот ќе ги одреди сумите освен ако вие и ние се спогодиме за нив.

(ii) **Спорови за вредност поголема од 75.000 USD.** Правилата на AAA го регулираат плаќањето на надоместоците за покренување на спорот и надоместоците и трошоците на AAA и арбитраторот.

(iii) **Спорови за кој било износ.** Ако вие започнете арбитража ние нема да бараме надомест за нашите надоместоци и трошоци за нашите AAA и арбитраторот или за вашите надоместоци за покренување на спорот што ние ви ги надоместивме, освен ако арбитраторот одреди дека арбитражата е несериозна или е поднесена за несоодветна цел. Ако ние ја започнеме арбитражата ќе ги платиме сите надоместоци за покренување на спорот, надоместоците и трошоците за AAA и арбитраторот. Во која било арбиртажа, ние од вас нема да бараме надоместоци или трошоци за нашиот адвокат. Надоместоците и трошоците не се земаат предвид при утврдувањето на сумата за која се води спорот.

**f.Мора да се поднесе во рок од една година.** Вие и ние мора го поднесеме секое побарување или спор до судот за мали побарувања или на арбитража (освен споровите за интелектуална сопственост — види Дел 10.a.) во рок од една година од моментот кога првпат може да биде поднесено. Инаку ќе биде трајно забрането.

**g.Одвоивост.** Доколку се утврди дека откажување од групна тужба е незаконско или неспроведливо за сите или за некои делови од спорот, тие делови нема да бидат арбитрирани туку процесирани на суд, а останатите делови ќе бидат процесирани со арбитража. Доколку се утврди дека која било друга одредба од Дел 10 е незаконска или неспроведлива, таа одредба ќе биде одвоена, но останатите одредби од Дел 10 остануваат применливи.

**h.Конфликт со правилата на AAA.** Ако овој договор е во конфликт со Правилата за трговска арбитража или Правилата за арбитража за потрошувачи на AAA, тогаш важат одредбите од овој договор.

**i.Microsoft како страна или трета страна-корисник.** Ако Microsoft е производителот на уредот или ако сте го набавиле софтверот од трговец, тогаш Microsoft е страна во овој договор. Инаку, Microsoft не е страна туку трета страна-корисник на вашиот договор со производителот односно инсталатерот во разрешувањето на споровите преку неформално спогодување и арбитража.

**11. Применливо право.** За сите побарувања и спорови во врска со софтверот, неговата цена или овој договор, вклучувајќи ги побарувањата за кршење на договорот и побарувањата според законите за заштита на потрошувачите, законите за нелојална конкуренција, законите за имплицитна гаранција, за неправедно богатење и за прекршоци, без оглед на конфликтот со законските принципи, се применуваат законите на државата или земјата каде живеете (или, ако се работи за правно лице, главното место на дејноста). Во Соединетите Американски Држави, за сите одредби во врска со арбитражата се применува Сојузниот акт за арбитража (FAA).

**12.Права на потрошувачите, регионални варијации.** Со овој договор се опишуваат одредени законски права. Вие може да имате други права, вклучувајќи ги правата на потрошувачите, во согласност со законите на вашата држава или земја. Исто така, може да имате права во однос на страната од која сте го набавиле софтверот. Овој договор не ги менува тие други права ако тоа не се дозволува со законите на вашата земја или држава. На пример, ако го набавивте софтверот во еден од регионите наведни подолу или се применуваат задолжителните закони во државата, тогаш за вас се применуваат следниве одредби:

**a. Австралија.** Упатувањата на „ограничена гаранција" се упатувања кон изречната гаранција дадена од Microsoft, производителот односно инсталатерот. Оваа гаранција се дава како дополнување на другите права и правни лекови што може да ги имате според законот, вклучувајќи ги вашите права и правни лекови во согласност со законските права според австралискиот Закон за потрошувачи.

Во овој дел, „стока" се однесува на софтверот за кој Microsoft или производителот односно инсталатерот ја даваат изречната гаранција. Нашата стока доаѓа со гаранција што не може да се исклучи со австралискиот Закон за потрошувачи. Имате право на замена или рефундирање за поголеми дефекти и компензација на каква и да е друга предвидлива загуба или штета. Исто така, имате право на поправка или заменување на стоката, ако стоката го нема прифатливиот квалитет и дефектот не претставува голем дефект.

**b. Канада.** Примањето на ажурирањата на вашиот уред можете да го прекинете со исклучување на пристапот на Интернет. Ако и кога повторно ќе се приклучите на

Интернет, софтврот ќе продолжи со проверката и инсталирањето на ажурирањата.

**c. Европска унија.** Ограничувањето за академско користење од дел 13.г(i) подолу не се применува во правосудствата наведени на овој сајт. (aka.ms/academicuse).

**d. Германија и Австрија.**

(i) **Гаранција.** Правилно лиценцираниот софтвер ќе функционира во значителна мера онака како што е опишано во сите материјали од Microsoft придружени на софтверот. Меѓутоа, производителот односно инсталаторот и Microsoft не даваат никаква договорна гаранција во врска со лиценцираниот софтвер.

(ii) **Ограничување на одговорноста.** Во случај на намерно постапување, грубо невнимание, побарувања засновани на Законот за одговорност за производот, како и во случај на смрт или лична или физичка повреда, производителот односно инсталатерот или Microsoft се одговорни во согласност со законските прописи.

Во согласност со претходната реченица, производителот односно инсталатерот или Microsoft ќе бидат одговорни само за лесно невнимание, ако производителот односно инсталатерот или Microsoft кршат такви материјални договорни обврски, чиешто исполнување го олеснува соодветното извршување на овој договор, чиешто кршење ќе ги загрози целите на овој договор и на чиешто почитување страната секогаш може да има доверба (таканаречени „кардинални обврски"). Во други случаи на лесно невнимание, производителот односно инсталатерот или Microsoft нема да бидат одговорни за лесно невнимание.

**e. Други региони.** Погледнете на (aka.ms/variations) за тековната листа на регионални варијации.

**13. Дополнителни известувања.**

**a. Мрежи, податоци и користење Интернет.** Некои одлики на софтверот и услугите до кои се пристапува преку софтверот може да бараат вашиот уред да пристапи на Интернет. Вашиот пристап и користење (вклучувајќи ги трошоците) може да подлежат на одредбите од договорот со вашиот давател на мобилни или интернет услуги. Одредени одлики на софтверот можат да ви помогнат поефикасно да пристапувате на Интернет, но пресметките на софтверот за вашето користење може да се разликуваат од мерењата на вашиот давател на услугата. Вие сте

секогаш одговорни за (i) разбирањето и почитувањето на одредбите од вашиот тарифен модел и договорите, и (ii) сите прашања што произлегуваат од користењето или пристапувањето до мрежите, вклучувајќи ги јавните/отворени мрежи. Софтверот можете да го користите за поврзување на мрежите и да споделувате информации за пристап за тие мрежеи само ако имате дозвола за тоа.

**b. Визуелни стандарди H.264/AVC и MPEG-4 и видео-стандарди VC-1.** Софтверот може да ја вклучува технологијата за декодирање H.264/MPEG-4 AVC и/или VC-1. MPEG LA, L.L.C., бара поставување на следново известување:

ОВОЈ ПРОИЗВОД Е ЛИЦЕНЦИРАН СПОРЕД ЛИЦЕНЦИТЕ ОД ВИЗУЕЛНОТО ПАТЕНТНО ПОРТФОЛИО НА AVC, VC-1 И MPEG-4 ДЕЛ 2 ЗА ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА НА ПОТРОШУВАЧИ ЗА (i) КОДИРАЊЕ ВИДЕОЗАПИСИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ГОРНИТЕ СТАНДАРДИ („ВИДЕО СТАНДАРДИ“) И/ИЛИ (ii) ДЕКОДИРАЊЕ НА AVC, VC-1 И MPEG-4 ДЕЛ 2 ВИДЕОЗАПИСИ ШТО БИЛЕ КОДИРАНИ ОД СТРАНА НА ПОТРОШУВАЧ ЗА НЕГОВА ЛИЧНА И НЕКОМЕРЦИЈАЛНА УПОТРЕБА И/ИЛИ НАБАВЕНИ ОД ДАВАТЕЛ НА ВИДЕО УСЛУГИ ЛИЦЕНЦИРАН ДА ДАВА ТАКВИ ВИДЕОЗАПИСИ. НЕ СЕ ДАВА НИТУ СЕ ПОДРЗБИРА ЛИЦЕНЦА ЗА НИКАКВА ДРУГА УПОТРЕБА. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ МОЖАТ ДА СЕ ДОБИЈАТ ОД MPEG LA, L.L.C. ПОГЛЕДНЕТЕ НА (AKA.MS/MPEGLA).

**c.Заштита од злонамерен софтвер.** Microsoft се грижи за заштитата на вашиот уред од злонамерен софтвер. Доколку не е инсталирана друга заштита или таа е истечена, софтверот ќа ја вклучи заштитата од злонамерен софртвер. За да го направи тоа, другиот софтвер за заштита од злонамерен софтвер ќе биде оневозможен или ќе мора да се отстрани.

**d. Верзии соограничени права.** Доколку верзијата на софтверот што ја набавивте е обележана или на друг начин е наменета за конкретна или ограничена употреба, тогаш можете да го користите само како што е наведено. Не можете да користите такви верзии на софтверот за комерцијални и непрофитни дејности или дејности што генерираат приход.

(i) **Академска.** За академска употреба, во моментот на купување мора да бидете студент, предавач или член на персонал на образовна институција.

(ii) **За евалуација.** За користење при евалуација (или тестирање или демонстрирање), не можете да го продавате софтверот, да го користите во

активно работно опкружување или да го користите по завршувањето на периодот на евалуација. Без оглед на сè што е спротивно на овој Договор, **софтверот за евалуација се дава „ТАКОВ КАКО ШТО Е“ и за овие верзии не важи ниту една гаранција, имплицитна или изречна (вклучувајќи ја ограничената гаранција).**

(iii) **NFR.** Не смеете да продавате софтвер обележан како „NFR“ или „Not for Resale“ („Не е за препродажба“).

(iv) **Предиздание.** Може да изберете да користите предиздание, инсајдерско издание, бета верзија или други верзии на предизданија на софтверот („предизданија“) што ќе ги овозможи Microsoft. Предизданијата може да ги користите сè до датумот на истекување на софтверот и сè додека ги почитувате сите услови на договорот. Предизданијата се експериментални и може да се разликуваат значително од комерцијално издадената верзија. Без оглед на сè што е спротивно на овој договор, **предизданијата се даваат „ТАКВИ КАКВИ ШТО СЕ“ и за овие верзии не важи ниту една гаранција, имплицитна или изречна (вклучувајќи ја ограничената гаранција)**. **Со инсталирање предизданија на вашиот уред, може да ја поништите или да влијаете на гаранцијата на уредот и може да немате право на поддршка од производителот на уредот или од мрежниот оператор, ако е применливо**. Microsoft не е одговорен за ниту една штета предизвикана со тоа. Microsoft можеби нема да обезбедува услуги за поддршка за предизданијата. Доколку му испратите коментари, предлози или други повратни информации на Microsoft за предизданието („поднесок“), му давате право на Microsoft и на неговите партнери да го користат поднесокот на кој било начин и за која било цел.

**14. Целиот договор.** Овој договор (заедно со печатените одредби на лиценцата или другите одредби што се придружени на кои било додатоци на софтверот, ажурирања и услуги што ги обезбедува производителот односно инсталатерот или Microsoft, а вие ги користите), и одредбите што се содржани на веб-врските наведени во овој договор, го сочинуваат целосниот договор за софтверот и за сите такви додатоци, ажурирања и услуги (освен ако производителот односно инсталатерот или Microsoft не даваат други одредби за таквите додатоци, ажурирања или услуги). Овој договор можете да го прегледате по стартувањето на софтверот ако одите на (aka.ms/useterms) или во рамките на софтверот ако одите на Settings - System - About. Исто така, можете да ги прегледате одредбите на која било веб-врска во овој договор внесувајќи ги дадените URL во адресната лента на пребарувачот. Се согласувате дека ќе ги прочитате одредбите пред да го користите софтверот или услугите, вклучувајќи ги сите одредби

од веб-врските. Разбирате дека со користење на софтверот и услугите, вие го ратификувате овој договор и одредбите дадени на веб-врските. Исто така, во овој договор има и информативни веб-врски. Веб-врските што ги содржат известувањата и задолжителните одредби се:

· Изјава за приватност на Microsoft (aka.ms/privacy)

· Договор за услугите на Microsoft (aka.ms/msa)

· Одредби за лиценца на Adobe Flash Player (aka.ms/adobeflash)

**********************************************************************

## **<u>БЕЗ ГАРАНЦИЈА</u>**

СОФТВЕРОТ ВО ВАШИОТ УРЕД (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ АПЛИКАЦИИТЕ) Е ЛИЦЕНЦИРАН „ТАКОВ КАКОВ ШТО Е“. ДО МАКСИМАЛНИОТ СТЕПЕН ДОЗВОЛЕН СО ВАШИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАКОНИ, ВИЕ ГО ПРЕЗЕМАТЕ ЦЕЛИОТ РИЗИК ЗА КВАЛИТЕТОТ И РАБОТЕЊЕТО НА СОФТВЕРОТ. ВО СЛУЧАЈ СОФТВЕРОТ ДА Е НЕИСПРАВЕН, ВИЕ ГИ СНОСИТЕ ЦЕЛОКУПНИТЕ ТРОШОЦИ ЗА СИТЕ СЕРВИСИРАЊА ИЛИ ПОПРАВКИ. НИТУ ПРОИЗВОДИТЕЛОТ НА УРЕДОТ НИТУ MICROSOFT НЕ ДАВААТ НИКАКВИ ИЗРЕЧНИ ГАРАНЦИИ ИЛИ УСЛОВИ. ДО СТЕПЕН ДОЗВОЛЕН СО ВАШИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАКОНИ, ПРОИЗВОДИТЕЛОТ И MICROSOFT ГИ ИСКЛУЧУВААТ СИТЕ ИМПЛИЦИТНИ ГАРАНЦИИ И УСЛОВИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ И ОНИЕ ЗА ПРИГОДНОСТ ЗА ТРГУВАЊЕ, КВАЛИТЕТ, СООДВЕТНОСТ ЗА ОДРЕДЕНА НАМЕНА И НЕПОВРЕДУВАЊЕ НА ПРАВА. МОЖЕ ДА ИМАТЕ ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОТРОШУВАЧКИ ПРАВА ИЛИ ЗАКОНСКИ ГАРАНЦИИ СПОРЕД ВАШИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАКОНИ ШТО ОВИЕ ОДРЕДБИ НЕ МОЖАТ ДА ГИ ИЗМЕНАТ.

АКО ВАШИОТ ЛОКАЛЕН ЗАКОН НАЛОЖУВА ГАРАНЦИИ ИЛИ УСЛОВИ ДУРИ АКО ОВОЈ ДОГОВОР НЕ ГО ПРАВИ ТОА, НИВНОТО ВРЕМЕ НА ВАЖЕЊЕ Е ОГРАНИЧЕНО НА 90 ДЕНА ОД МОМЕНТОТ КОГА ПРВИОТ КОРИСНИК ЌЕ ГО НАБАВИ СОФТВЕРОТ. АКО ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ИЛИ MICROSOFT ГИ ПРЕКРШИ ТАКВИТЕ ГАРАНЦИИ ИЛИ УСЛОВИ, ТОГАШ ВАШ ЕДИНСТВЕН ПРАВЕН ЛЕК, ПО ИЗБОР НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ИЛИ MICROSOFT, Е (I) ПОПРАВКА ИЛИ ЗАМЕНА НА СОФТВЕРОТ БЕЗ НАДОМЕСТ, ИЛИ (II) ВРАЌАЊЕ НА СОФТВЕРОТ (ИЛИ ПО НИВЕН ИЗБОР, УРЕДОТ НА КОЈШТО БИЛ ИНСТАЛИРАН СОФТВЕРОТ) ЗА РЕФУНДИРАЊЕ НА ПЛАТЕНИОТ ИЗНОС, АКО ИМА. ТОА СЕ ЕДИНСТВЕНИТЕ ПРАВНИ ЛЕКОВИ ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ НА ГАРАНЦИИТЕ ИЛИ УСЛОВИТЕ ШТО ВАШИОТ ЛОКАЛЕН ЗАКОН ГИ НАЛОЖУВА.

ДО СТЕПЕН ШТО НЕ Е ЗАБРАНЕТ СО ВАШИОТ ЛОКАЛЕН ЗАКОН, АКО ИМАТЕ КАКВА БИЛО ОСНОВА ЗА ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ШТЕТИ, ВИЕ МОЖЕТЕ ДА ОБЕСШТЕТИТЕ ОД ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ИЛИ MICROSOFT САМО ДИРЕКТНИ ШТЕТИ ДО ИЗНОСОТ ШТО СТЕ ГО ПЛАТИЛЕ ЗА СОФТВЕРОТ (ИЛИ ДО 50 УСД АКО СТЕ ГО НАБАВИЛЕ СОФТВЕРОТ БЕСПЛАТНО). ВИЕ НЕМА ДА БАРАТЕ, И СЕ ОТКАЖУВАТЕ ОД СЕКАКВО ПРАВО ДА БАРАТЕ ОБЕСШТЕТУВАЊЕ ЗА КОЈА БИЛО ДРУГА НА ШТЕТА, ВКЛУЧУВАЈЌИ ИЗГУБЕН ПРОФИТ И ДИРЕКТНА, ПОСЛЕДИЧНА, ПОСЕБНА, ИНДИРЕКТНА ИЛИ СЛУЧАЈНА ШТЕТА СПОРЕД КОЈ БИЛО ДЕЛ ОД ОВОЈ ДОГОВОР ИЛИ СПОРЕД КОЈА БИЛО ТЕОРИЈА. ОВА ОГРАНИЧУВАЊЕ СЕ ПРИМЕНУВА НА (I) СЀ ШТО СЕ ОДНЕСУВА НА ОВОЈ ДОГОВОР, СОФТВЕРОТ (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГИ АПЛИКАЦИИТЕ), УРЕДОТ, УСЛУГИТЕ, ОШТЕТУВАЊЕТО ИЛИ ГУБЕЊЕТО НА ПОДАТОЦИ, НЕМОЖНОСТА ЗА ИСПРАЌАЊЕ ИЛИ ПРИМАЊЕ ПОДАТОЦИ, СОДРЖИНАТА (ВКЛУЧУВАЈЌИ ГО ПРОГРАМСКИОТ КОД) НА ИНТЕРНЕТ САЈТОВИ ОД ТРЕТИ СТРАНИ ИЛИ ПРОГРАМИ НА ТРЕТИ СТРАНИ, И (II) ПОБАРУВАЊА ЗА ПРЕКРШУВАЊЕ НА ДОГОВОР ГАРАНЦИИ ИЛИ УСЛОВИ; СТРИКТНА ОДГОВОРНОСТ, НЕБРЕЖНОСТ ИЛИ ДРУГО КРШЕЊЕ НА ПРАВАТА; КРШЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ИЛИ ПРОПИСИТЕ; НЕОПРАВДАНО ЗБОГАТУВАЊЕ; ИЛИ СПОРЕД КОЈА БИЛО ДРУГА ПРАВНА ТЕОРИЈА.

ИСКЛУЧУВАЊАТА НА ШТЕТАТА И ОГРАНИЧУВАЊАТА НА ПРАВНИТЕ ЛЕКОВИ ВО ОВОЈ ДОГОВОР СЕ ПРИМЕНУВААТ ДУРИ И АКО НЕМАТЕ ПРАВНИ ЛЕКОВИ (СОФТВЕРОТ Е ЛИЦЕНЦИРАН „ТАКОВ КАКОВ ШТО Е“), АКО ПОПРАВКАТА, ЗАМЕНАТА ИЛИ РЕФУНДИРАЊЕТО (АКО СЕ БАРА СО ВАШИТЕ ЛОКАЛНИ ЗАКОНИ) НЕ ВИ НАДОМЕСТУВА ЦЕЛОСНО КОЈА БИЛО ШТЕТА, АКО ПРОИЗВОДИТЕЛОТ ИЛИ MICROSOFT ЗНАЕЛ ИЛИ ТРЕБАЛО ДА ЗНАЕ ЗА МОЖНОСТА ОД НАСТАНУВАЊЕ НА ШТЕТА ИЛИ АКО ПРАВНИОТ ЛЕК НЕ ЈА ИСПОЛНИ НЕГОВАТА СУШТИНСКА НАМЕНА.

Проверете кај производителот на вашиот уред за да утврдите дали уредот е покриен со гаранција.